# Застапеност на пациенти со мозочен удар и рехабилитација во акутна фаза

*С.Тонева Д.Василева*

*Факултет за медицински науки Универзитет ,,Гоце Делчев”*

## ВОВЕД

Терминот мозочен удар означува тешко оштетување на мозочната функција, настаната поради акутно растројство на мозочната циркулација. Најдобри резултати се добиваат ако рехабилитацијата започне што порано. Екстензивна, долготрајна терапија е наменета за корекција и ублажување на последиците од оваа болест.










## МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Земени се статистички податоци од Центарот за Јавно Здравје во Штип. Истражувањето е спроведено за период од 3 години, а пациентите се избирани според основната дијагноза церебрален инфаркт ( МКБ-10 I63 ) и не се вклучувани критериуми за исклучување на пациенти според настанати компликации, се со цел присуство на хомогеност во истражувањето.

## РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Од направеното истражување, добиваме резултати кои покажуваат дека во 2015 година вкупно 54 мажи и 54 жени добиле церебрален инфаркт, во 2016 година вкупно 26 мажи и 23 жени добиле церебрален инфаркт, а во 2017 година вкупно 53 мажи и 47 жени добиле церебрален инфаркт. Вкупниот број на мажи изнесува 133, а на жени 124 што значи дека почесто се јавува кај машката популација.

## ЗАКЛУЧОК

Од ова истражување можеме да заклучиме дека инциденцата на појава мозочниот удар расте линеарно со порастот на возраста , а врвот на појавата е 60-69 години. Церебралниот инфаркт е почест кај мажите , отколку кај жените.